**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 март 2017 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: февруари 2017 година

- Во февруари годинава, каматната стапка на вкупните кредити забележа минимален месечен пад од 0,1 п.п. и изнесува 6,1%, додека каматната стапка на вкупните депозити се задржа на нивото од 1,7%, без промени во однос на претходниот месец.

- Просечната каматна стапка на новоодобрените кредити овој месец изнесува 5,4%, што во споредба со јануари претставува значително месечно намалување од 0,5 п.п.. Каматната стапка на новопримените депозити и натаму е непроменета, на нивото од 1,6%.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и новите кредити и депозити

| | 12.2015 | 1.2016 | 2.2016 | 3.2016 | 4.2016 | 5.2016 | 6.2016 | 7.2016 | 8.2016 | 9.2016 | 10.2016 | 11.2016 | 12.2016 | 1.2017 | 2.2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.5** | **6.5** | **6.5** | **6.5** | **6.4** | **6.4** | **6.4** | **6.3** | **6.4** | **6.3** | **6.3** | **6.2** | **6.2** | **6.2** | **6.1** |
| Корпоративен сектор | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.2 | 6.2 | 6.2 | 6.1 | 6.1 | 6.1 | 6.0 | 6.0 | 5.9 | 5.8 | 5.8 | 5.7 |
| Домаќинства | 6.8 | 6.8 | 6.8 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.6 | 6.6 | 6.6 | 6.6 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.9** | **6.0** | **6.1** | **6.0** | **5.7** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.8** | **5.7** | **5.7** | **5.3** | **5.9** | **5.4** |
| Корпоративен сектор | 5.9 | 6.0 | 6.1 | 6.0 | 5.7 | 6.0 | 5.8 | 5.9 | 5.8 | 5.8 | 5.6 | 5.7 | 5.2 | 5.9 | 5.1 |
| Домаќинства | 5.7 | 6.0 | 6.0 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.9 | 5.8 | 6.0 | 5.9 | 5.8 | 5.8 | 5.6 | 5.9 | 5.9 |
| **Вкупни депозити** | **1.9** | **1.9** | **1.9** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.7** | **1.7** |
| Корпоративен сектор | 2.2 | 2.2 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 2.0 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.1 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.9 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.6 |
| **Новопримени депозити** | **1.6** | **1.8** | **1.6** | **1.7** | **1.7** | **1.1** | **1.4** | **1.5** | **1.4** | **1.6** | **1.6** | **1.7** | **1.6** | **1.6** | **1.6** |
| Корпоративен сектор | 1.3 | 2.0 | 1.1 | 1.3 | 1.2 | 0.8 | 0.9 | 1.3 | 0.9 | 1.4 | 1.4 | 1.6 | 1.5 | 1.3 | 1.3 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.7 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 1.5 | 1.9 | 1.6 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.8 | 1.8 | 1.7 | 1.8 |

Извор: НБРМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор: НБРМ.

- Каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор, во февруари, изнесува 5,7% и во однос на претходниот месец е намалена за 0,1 п.п.. Оваа стапка бележи тенденција на опаѓање, при што на годишна основа е пониска за 0,6 п.п..

- Во текот на февруари, банките и штедилниците одобрувале нови кредити на корпоративниот сектор по просечна стапка од 5,1%, што упатува на значителна надолна месечна промена од 0,8 п.п.. Притоа, месечното намалување главно произлегува од намалените каматни стапки на денарските кредити, без и со валутна клаузула (за 0,8 и 0,4 п.п., соодветно), во услови на раст на каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,5 п.п.).







Извор:НБРМ.

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните примени депозити од корпоративниот сектор, во февруари, се задржа на нивото од 2,1% и е непроменета од септември 2016 година наваму. Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка бележи минимално зголемување од 0,1 п.п..

– Во февруари каматната стапка на новопримените депозити[3] на корпоративниот сектор се задржа на истото ниво од минатиот месец и изнесува 1,3%. Во споредба со февруари 2016 година, стапката е повисока за 0,2 п.п..

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[4]







Извор: НБРМ.

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на домаќинствата овој месец изнесува 6,6%, без промени од ноември 2016 година. Во споредба со февруари претходната година, стапката е пониска за 0,2 п.п..

– Просечната каматна стапка за новите кредити на домаќинствата се задржа на јануарското ниво од 5,9%.

[3] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРМ.

– Во февруари, просечната каматна стапка на вкупните депозити од домаќинствата бележи мал месечен пад од 0,1 п.п. и изнесува 1,6%. На годишна основа, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п..

– Каматната стапка на новопримените депозити[5] од домаќинствата овој месец забележа минимален раст од 0,1 п.п. и изнесува 1,8%. Притоа, нагорното поместување во целост произлегува од стапката на денарските депозити без валутна клаузула (за 0,2 п.п.), додека кај каматните стапки на депозитите во странска валута бележиме намалување (за 0,1 п.п.).

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

---

[5] Во графиконот којшто се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Месечни податоци за каматните стапки: 28 април 2017 (референтен пресек заклучно со март 2017).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).